# IMPACT OF COVID 19 VIRUS ON INTERNATIONAL SECURITY

**Sasho Mitevski**
Ministry of Interior, Republic of North Macedonia, Saso_Mitevski@moi.gov.mk
**Blagojcho Spasov**
Ministry of Interior, Republic of North Macedonia, blagojcospasov@yahoo.com

**Abstract:** The modern world we live in cannot be stated to be safe and secure. The positive effects of the technical-technological achievements of humanity offer open horizons in every segment of modern life, they are an effective tool for high achievements of the individual, but at the same time modern societies are becoming highly vulnerable, too sensitive and powerless to cope with modern risks and threats.

If the first half of the last century was characterized by casualties on both sides of the front and the threats and dangers peering between the East and the West, the first twenty years of this century are characterized by malicious forms of warfare, risks and security threats, which are virtually invisible to security systems, both in national and international frames.

In line with this, as a focus of the research problem, the emphasis is positioned on the consequences and negative effects of a threat of biological origin (unknown virus) that appeared without prior indicators at the end of last year and a few months after its detection, the World Health Organization declared pandemic that turned on the red light.

At the moment, the consequences for world security are catastrophic. Security systems within countries are confusing, inefficient, and unable to meet the KOVID 19 challenge, which has been present worldwide for several months, the number of casualties and the negative trend in the economies of countries is far greater than any other threat in the period after the end of the Second World War until today.

These characteristics and specifics of modern risks and threats within the international frames, deserve special attention and a serious approach in the research aimed at their early detection, prevention and building effective protection systems.

**Keywords:** pandemic, security, international security, risks and threats.

# ВЛИЈАНИЕТО НА ВИРУСОТ „КОВИД 19“ ВРЗ МЕЃУНАРОДНАТА БЕЗБЕДНОСТ

**Сашо Митевски**
Министерство за внатрешни работи, Република Северна Македонија, Saso_Mitevski@moi.gov.mk
**Благојчо Спасов**
Министерство за внатрешни работи, Република Северна Македонија, blagojcospasov@yahoo.com

**Апстракт:** Модерниот свет во кој живееме не може да се каже дека е безбеден и сигурен. Позитивните ефекти од техничко-технолошките достигнувања на човештвото нудат отворени хоризонти во секој сегмент од современото живеење, истите се ефикасна алатка за високи дострели на поединецот, но паралелно со тоа современите општества се високо ранливи, премногу сензитивни и немоќни да се справат со современите ризици и закани.

Ако првата половина на минатиот век беше карактеристична по жртвите кои се броеја од двете страни на фронтот и заканите и ризиците кои се наѕираа помеѓу истокот и западот, првите дваесетина години од овој век се карактеризираат со малициозни форми на војување, ризици и закани по безбедноста, кои се практично невидливи за безбедносните системи, како во национални така и во меѓународни рамки.

Во таа насока како фокус на истражувачкиот проблем, акцент е ставен на последиците и негативните ефекти од закана со биолошко потекло (непознат вирус) кој се појави без претходни индикатори на крајот на минатата година и неколку месеци од моментот на неговата детекција, светската здравствена организација прогласи пандемија и го вклучи црвеното светло.

Во моментот, последиците врз светската безбедност се катастрофални, безбедносните системи во рамките на државите се конфузни, неефикасни и не се во состојба да се справат со предизвикот КОВИД 19, кој во светски рамки е присутен неколку месеци а бројот на жртви и негативниот тренд во економијата на државите е далеку поголем од било која друга закана во периодот по завршувањето на втората светска војна па се до денес.

Токму овие карактеристики и специфики на модерните ризици и закани во меѓународни рамки, заслужуваат посебно внимание и сериозен пристап во истражувањата кои се насочени кон нивна рана детекција, превенција и градење ефикасни системи за заштита.

**Клучни зборови:** пандемија, безбедност, меѓународна безбедност, ризици и закани.

## 1. ВОВЕД

Безбедноста е комплексна и сложена наука која е предмет на истражување на многубројни реномирани домашни и светски истражувачи но истата и понатаму нуди широк спектар за истражување. Кога се говори за безбедноста не се мисли само на отсуството на закани и ризици кои се физички видливи, постојат разни форми на загрозувања со хемиско, биолошко, радијационо потекло. Токму заканата од биолошко потекло или пандемијата предизвикана од вирусот наречен COVID 19 во моментот остава силни последици и сериозно ја загрозува домашната, регионалната и меѓународната безбедност.

Појавата на сериозни здравствени импликации кај лица заболени со досега непознат респираторен вирус како вест набрзина го контаминираше целиот свет. Националните системи за безбедност на голем број држави во светот несериозно или неподготвено ја прифатија веста за прогласување на пандемија од страна на Светската здравствена организација а со тоа овозможија брзо ширење на заразата односно силно влијание врз безбедноста на граѓаните.

Како носител на улогата „First responder“ секаде во светот се јавуваат институциите одговорни за здравствената политика на земјата но поголемиот дел од справувањето со пандемијата им припадна на безбедносните служби кои вклучуваат армија, полиција и приватни агенции за обезбедување.

Фактот дека ситуацијата сеуште е надвор од контрола, фактот за бројот на заразени, починати и вкупната штета по економијата на локално, регионално и меѓународно ниво, се силен предизвик за истражувањето на овој вид биолошка закана по меѓународната безбедност и истиот ќе биде елабориран низ содржината на предметното истражување, каде со примена на соодветни методолошки пристапи ќе се утврди влијанието на пандемијата врз меѓународната безбедност.

Истражувањето ќе даде јасна слика за подготвеноста и ефикасноста на националните и меѓународниот систем за безбедност за превенција, прв одговор, справување и закрепнување на државите погодени од овој вид закана.

## 2. СОВРЕМЕНИ БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДИЗВИЦИ

Светот во моментот е исправен пред најголемиот предизвик досега по завршувањето на студената војна. Ризиците и заканите насочени кон меѓународната заедница во моментот се од невоен карактер.

Ризикот станува составен дел на современиот живот, а како парадигматски ризици се набројуваат нуклеарните, хемиските, генетските, еколошките и слично. Според ова сфаќање, ризикот започнува таму каде што завршува природата. Човекот секојдневно се соочува со ризици, кои можат да бидат и од најбанален вид (возење автомобил, конзумирање нездрава храна, употреба на мобилни телефони и слично). Современото општество не е обременето само со ризици, туку и со дебата на институционално и лично ниво, како истите да се избегнат или ублажат. На прашањето зошто токму модерното западно општество се квалификува како ризично, ако се има предвид дека сите општества и во минатото се соочувале со ризици, Бек го дава следното објаснување: во предмодерното општество ризиците биле поврзани со „светото“ на природата (чума, глад, елементарни непогоди, и.т.н.) или се толкувале дека потекнуваат од натприродни сили. Тоа бил свет на неизвесност и небезбедност, а не свет на ризици. Разликата во современиот свет е во тоа што ризиците се јавуваат како последица на човековата активност (на пример, хиперпродукција, консумеризам, злоупотреба на природните ресурси и сл.) (Ванковска, 2011).

Ризикот ја замени неизвесноста, а светот се движи кон состојба во која ризиците се произведени (конструирани) или се продукт на човековите обиди да доминираат над природата. Современите ризици ги имаат следните карактеристики: не се ограничени во простор и време, можат да имаат катастрофални размери, механизмите за општествено обезбедување и осигурување се несоодветни (Ванковска, 2011).

Државите ширум светот во услови на пандемија погодени од ваков вид на ризици или закани се ризични општества бидејки не се во состојба да се справат со предизвикот, а со тоа и да го гарантираат потребното ниво на безбедност на граѓаните.

## 3. ПОЈАВА И ШИРЕЊЕ НА COVID 19 ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ

Првиот кластер на случаи на непозната зараза која предизвикува тешки форми на пневмонија се појавува кон крајот на 2019 година во Вухан, провинцијата Хубеи во Кина на пазарот за морска храна и животни. Сериозноста на вирусот станува загрижувачка бидејќи до тој момент неможе да се спореди со ниту еден

досега познат вирус. На почетокот на детекцијата на вирусот, Светската здравствена организација побара дополнителни информации од националните власти на Кина за да се процени ризикот, во однос на медицинските аспекти, но кинеските национални власти не споделуваат витални информации и известуваат дека сите пациенти се изолирани во медицински установи каде примаат терапија. Светската здравствена организација затекната од новонастанатата состојба и врз основа на информациите дадени од националните власти, излегува со мерки на јавно здравје и надзор на инфлуенца и други тешки акутни респираторни инфекции, кои се однесуваат на преземање мерки во случај на појава на одредени симптоми кои укажуваат на респираторни заболувања а доколку се појават за време на патувањето или по патувањето, патниците се советуваат да побараат лекарска помош и да ја споделат историјата на патувања со нивниот давател на здравствени услуги (World Haelth Organization, 2020. преземено од: https://www.who.int/csr/don/05-january-2020-pneumonia-of-unkown-cause-china/en/, 20/06/2020).

Вирусот почнува да се шири во првата половина на Јануари со први пријавени случаи од министерствата за здравство во Јапонија и Тајланд а до крајот на месецот веќе вирусот е регистриран во 18 земји меѓу кои Германија, Италија, Франција, Шпанија и Иран каде во Февруари се регистрирани и првите смртни случани. Веќе во половината на Февруари вирусот се шири и ги зафаќа балканските држави (https://www.who.int/news-room/detail/29-06-2020-covidtimeline, преземено на: 20/06/2020).

Во Република Северна Македонија Македонија вирусот за прв пат е потврден на 27 Февруари кај двајца патници македонски државјани кои во државата допатувале од Италија. Веќе во март е бројката рапидно се зголемува и преминува во фаза на ширење по пат на т.н. кластери, додека во Мај веќе се јавува локална трансмисија и заразата почнува локално да се шири (http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/ , преземено на: 01/07/20.).

Причините за појава на вирусот во пандемиски рамки се многубројни, но акцент се става врз политичката елита во Кина, која не дозволи да излезат навремени информации дека постои трансмисија на вирусот од човек на човек и кој е степенот на вирулентност на вирусот, туку сите обиди се правени во контекст да се создаде лажна слика пред експертските тимови кои биле испратени од Светската здравствена организација со цел да ја дознаат вистината за вирусот. За жал безбедносниот систем на Кина не ги пласира вистинските информации, а со тоа останува енигмата за многу прашања околу почетната зараза и мутирањето на вирусот, воедно и прашањето дали пандемијата можела да биде спречена или забавена или барем истата да не е во пандемиски рамки, меѓутоа сето тоа е под знак прашалник на кој одговорот го знаат исклучиво кинеските власти(https://www.washingtonpost.com/politics/2020/03/10/wuhan-officials-tried-cover-up-covid-19-sent-it-careening-outward/, преземено на: 01/07/2020).

## 4. ПРВ ОДГОВОР НА ДРЖАВИТЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ШИРЕЊЕ НА ЗАРАЗАТА

Затекнати од новонастанатата состојба, државите ширум светот преземаат мерки и активности за спречување на ширење на заразата, кои пред сè се однесуваат на суспендирање на одредени човекови права и слободи во делот на ограничување на слободата на движење на позитивните лица односно забрана за движење на цели градови, региони па дури и држави.

Брзото ширење на вирусот предизвика паника и шок во Италија земјата во која за кратко време енормно растеше бројот на заразени и починати. Се потврди трансмисијата од човек на човек и се потврдија загрижувачки начини на ширење на болеста. Владиниот декрет ги забрани сите движења на луѓето на целата територија и ги затвори сите неопходни бизниси. Меѓутоа несериозниот однос на политичарите по однос на безбедноста на луѓето и првичните изјави за вонредни состојби исполнети со скептицизам во политичките кругови се врати како бумеранг со голема брзина. Иронијата кој струеше меѓу врвот на политичката елита чија цел беше да не запре економијата и да не се крева паника, резултираше со диагностицирање на Ковид-19 кај нив. Италија издаде серија на декрети за безбедноста на населението, прогласување на црвени зони, менаџмент на капацитетите, строги мерки за безбедност во цела Италија но, таму се и најпоразителните резултати поради несоодветно реагирање на политичарите и безбедносниот систем (Pisano, P.G. Sadun. R. Zanini. M. 2020, преземено од: https://hbr.org/2020/03/lessons-from-italys-response-to-coronavirus, 10/07/2020).

Механизмите кои произлегуваат од Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија, ги мобилизираат сите расположиви ресурси, со цел да им помогне на земјите-членки да ги координираат своите национални капацитети, а тоа вклучува и давање објективни информации за ширењето на вирусот, ефективните напори за негово содржина и преземените мерки за санирање на економската и социјалната штета, предизвикана од пандемијата (https://europa.eu/european-union/coronavirus-response_en, 10/07/2020).

Европски центар за превенција и контрола на болести преку извршена проценка на ризик на почетокот на месец Јануари 2020, излезе со ставот за поддршка на глобалната стратегија за спречување на ширење на COVID 19 со брза идентификација и следење на случаи поврзани со засегнатите земји со цел да се

минимизира преносот понатаму. Целите на надзорот опфаќаат: опис на клучните епидемиолошки и клинички карактеристики на случаи на COVID 19 откриени во Европа; информирање на подготвеноста на земјата и подобрување на понатамошно откривање и управување со случаи. Собраните податоци вклучуваат демографија, историја на неодамнешно патување во погодените области, близок контакт со веројатен или потврден случај на COVID 19, основни услови, знаци и симптоми на заболување при почетокот, вид на примероци од кои е откриен вирусот и клинички исход. Со текот на времето преку информации на податоци, во светот се јавува потенцијалната закана иако се уште без конкретни насоки дека овој вирус наскоро ќе стане светска национална закана со глобално влијание (https://www.ecdc.europa.eu/en/publications-data/risk-assessment-outbreak-acute-respiratory-syndrome-associated-novel-coronavirus, 10/07/2020.).

**4.1. Моделот на САД**

Федералната влада на Соединетите Американски Држави иницијално издаде различни декларации за итност, некои од нив беа рестриктивни мерки за патување во и надвор од САД, а исто така беше формирана и единица за коронавирус од страна на Белата куќа. Како што се шири пандемијата во владата на САД издаваше препораки за своите граѓани за социјална дистанца контрола на опасност за COVID 19 на работните места. По затворањето на повеќето бизниси низ голем број американски држави, претседателот Доналд Трамп најави мобилизација на Националната гарда во најпогодените области. Во Март и Април 2020 година, американскиот Конгрес донесе неколку стимулативни пакети како дел од агресивните напори за борба против пандемијата. Другите предложени акти на законодавството за обезбедување на економско олеснување се донесени и во Претставничкиот дом и во Сенатот. Покрај тоа, направени се и други промени во федералната политика од страна на голем број оддели и агенции по насока на претседателот Трамп (https://www.usa.gov/coronavirus, 10/07/2020).

**4.2. Моделот на ЕУ**

Уште на почетокот на Јануари 2020 Генералниот директорат за здравство и безбедност го активираше системот за рано предупредување и одговор (EWRS) каде повеќето земји-членки облигаторно споделуваат информации за мерки, одговор и меѓусебна комуникација. Европската Комисија обезбеди 10 милиони евра за зајакнување на глобалната подготвеност, превенција и зачувување од вирусот, вториот пакет кој комисијата го објави кон средината на февруари беше во вредност од 232 милиони евра. Комисијата, исто така, ја засили својата поддршка за земјите-членки во контекст на работата за подготвеност, вонредни состојби и планирање на одговор. Веќе во Март се направи стратегија за залихи на медицинска опрема. Европската унија во истиот период веќе донира во Кина медицинска опрема и средства. Европа создава безбедносен систем за непречен тек и дотур на стоки низ цела Европа. На 26 Март се одржува вонредна видео конференција на лидерите на Г20, каде Претседателката на Европската Комисија, Фон дер Лајен и претседателот на Европскиот совет, Чарлс Мишел, истакнаа дека ЕУ е посветена на меѓународната соработка во справувањето со пандемијата и ќе продолжи да им помага на ранливите земји и заедници ширум светот. Европската комисија кон крајот на март распределува 140 милиони евра за најитни потреби во земјите од источното соседство и помош за земјите од Западен Балкан (https://ec.europa.eu/info/live-work-travel-eu/health/coronavirus-response/timeline-eu-action_en, 12/07/2020).

Со цел санирање на економската и социјалната штета што ја носи пандемијата на коронавирус, и започнување на европското закрепнување, заштита и отварање на работни места, Европската комисија предложи план за наплата за Европа, базиран на искористување на целосниот потенцијал на буџетот на Европската унија. Европските лидери се согласни за планот за закрепнување на економијата во финснсиска рамка 2021 – 2027 водејќи се со планот кон излез од кризата и поставување темели на модерна и поодржлива Европа (https://ec.europa.eu/info/live-work-travel-eu/health/coronavirus-response/timeline-eu-action_en, 12/07/2020).

Од сите земји членки на Европската унија, најекспонирана земја членка во насока на превенција, рано предупредување и прв одговор за спречување на ширење на COVID 19 е Германија која отскокнува на многу полиња во однос на останатите.

Со оглед на егзистенцијалната закана и големите неизвесности кои произлегуваат од кризата со корона вирусот како и тензиите кои доаѓаат со сето тоа, прашање на време е само кога фокусот ќе се префрли врз безбедносната политика. Земајќи ги во предвид германските вооружени сили, тие веќе вложуваат многу напори во справувањето со Ковид 19. За решавање на кризата со корона вирусот Бундесверот мобилизира 15000 војници и за многу кратко време, формира регионални команди за олеснување со координација, поддржува меѓуакциско дејство при процеси на набавка и координација на активностите. Егзистенцијалната закана од пандемија секогаш била прашање на јавна безбедност, безбедност и политика за безбедност во Германија (https://gids-hamburg.de/wp-content/uploads/2020/04/GIDSstatement2020_1_Rogg_COVID19.pdf 12/07/2020).

Последната верзија на Белата книга за германската безбедносна политика и иднината на Бундесверот објавена во 2016 година, има краток дел под наслов „Епидемија и пандемии“ каде се поврзуваат ризиците од регионална дестабилизација со системските ризици и за интересот и одговорноста на Германија за превенција и управување со кризи во соработка со меѓународните партнери и организации (Rogg, 2020).
Во март 2020 година, владите ширум земјите членки на Европската унија но и останатите земји во светот воведоа полициски час и правила за намалување на физичкото социјално дистацирање во општествата со цел да се запре ширењето на вирусот.

**4.3. Моделот на Шведска**

Шведскиот пристап кон пандемијата на COVID 19 го заинтересира светот откако во земјата не беа преземени ригорозни мерки како во остатокот од светот со идеја да се изгради колективен имунитет и отпорност на граѓаните кон вирусот.
Шведска не наметна блокада, за разлика од многу други земји, и ги задржа големите делови од своето општество отворено. Уставот на Шведска законски ја штити слободата на движење на луѓето, со што се спречува затварање во мирновремени услови. Следејќи ги советите на надлежните министерства, Владата донесе законодавство со кое се ограничува слободата на собирање со привремено забранување собири на над 50 лица, забранувајќи ги луѓето да посетуваат старечки домови и физички да ги затвораат средните училишта и универзитетите. Министерството за јавно здравје издаде препораки за: незадолжително работење од дома; избегнување непотребно патување во земјата; социјално дистанцирање; луѓето над 70 години да останат дома, што е можно повеќе. Лицата со лесни симптоми што можат да бидат предизвикани од COVID 19, се препорачуваше да останат дома. На сите жители на Шведска им е препорачано да следат препораки согласно надлежните здравствени власти кои се целосно одговорни за спречување на ширење на COVID 19. Фактите велат дека Шведска е единствената земја која има уникатен модел за справување со пандемијата во однос на остатокот од светот (https://www.folkhalsomyndigheten.se/the-public-health-agency-of-sweden/communicable-disease-control/protect-yourself-and-others-from-spread-of-infection/, 12/07/2020).

## 5. НЕГАТИВНА РЕФЛЕКСИЈА ОД ПАНДЕМИЈАТА ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА ВО ГЛОБАЛНИ РАМКИ

Заканата што во моментот ги загрозува нашите индивидуални животи и лична безбедност, предизвикана од страна на вирусот станува сè појасна секој ден, а веќе и евидентно е влијанието што таа го има врз нашата колективна безбедност, истакнувајки ја негативната рефлексија врз ресурсите, трговските текови, воената подготвеност а индиректно го загрозува и режимот на стабилност во некои делови на светот.
Групи на хакери за кои се верува дека се спонзорирани од Русија, Кина и Северна Кореја користат персонализирана е-пошта која содржи референци за пандемијата со цел да ги зарази информатичките капацитети на државите со малициозен софтвер со цел обезбедување лозинки. Во пандемијата COVID 19 повторно се илустрира националната безбедност не само од аспект што треба да се справи со традиционалните воени закани? Собирањето на информации преку интернет од страна на разузнавачките служби, и сигнали за разузнавање (СИГНИТ), го менува својот фокус на нови цели. Класичните цели се политички и воени институции кои би можеле, на пример, да обезбедуваат информации за политичките процеси на донесување одлуки или воените способности на една земја. Освен контраразузнавање, т.е. заштита од активности на други разузнавачките служби, индустриската шпионажа е уште едно важно поле на работа на разузнавачки служби на Интернет кои се посебно активни за време на пандемијата (Wiggen, 2020).
Од причина што не постои јасна слика за крајот на пандемијата, на удар е и светската економија која практично претставува унија на националните економии на државите во светот, имајќи ја предвид нивната корелација и домино поврзаност.
Вирусот го загрозува индустриското производство и другите бизниси ширум светот, а тоа го предизвика првиот голем шок на цената на нафтата од меѓународната финансиска криза во 2008 година - со пад на цената на суровата нафта од 20 проценти, бидејќи испораките се намалија во однос на побарувачката. Ова предизвикува тензии меѓу Саудиска Арабија и Русија, двете најголеми светски производители на нафта, за тоа како да се одговори, со тоа што Саудиска Арабија се залага за намалувања на производството и поддршка на побарувачката, на која Русија се спротивстави - во голема мерка затоа што се плаши дека зголемувањето на цените ќе им помогне на нејзините американски конкуренти (https://www.ozy.com/news-and-politics/covid-19-impacts-national-security-in-novel-ways/290075/, 20/07/2020).
Појавата на пандемијата веќе генерира нервоза помеѓу земјите членки во рамките на Европската унија. Наведеното произлегува од фактот дека во Европска унија, чии 27 земји најчесто се обединуваа и си помагаа во кризи, во случајот изостана таа пракса. Најтешко погодената Италија не ја доби очекуваната „Римска

помош“ од останатите членови на европското семејство или дури и кога добиваше помош тоа беше незначително и слабо. Кина се истакна со испраѓање на медицински експерти, лекови и опрема за интензивна нега за Италија – можна рефлексија на учеството на Италија во кинеската иницијатива за појаси и патишта (амбициозна програма на Пекинг за логистичка, правна и транспортна иницијатива за поблиска врска на Кина Европа и Блискиот исток). Со својата иницијатива, Кина стигнува до голем број други земји - до одреден степен што ја презема лидерската улога во услови на кризи, што нормално до сега им припаѓаше на САД https://www.ozy.com/news-and-politics/covid-19-impacts-national-security-in-novel-ways/290075/, 20/07/2020).

Пандемиите имат долга историја, и во човечката историја има неколку пандемии вклучително и Шпански грип, Грип од Хонг Конг, САРС, X7H9, Ебола, Зика, кои го обележале светот и создале енормно големи негативни влијанија на здравјето, економиите, дури и на националната безбедност глобално земено. Кризата поврзана со пандемијата е поврзана со огромни негативни влијанија врз здравјето, економијата, општеството и безбедноста на националните и глобалните заедници.

Според on line статистиката на Обединетите нации заклучно со 28 Септември 2020 година може да се утврди дека 33034598 луѓе во светот се заразени од коронавирусот, а починале 996342 (https://covid19.who.int/, 23/08/2020).

Податоците се јасен показател за сериозноста на заканата од пандемијата COVID 19 по животот и здравјето на луѓето во глобални рамки а воедно и негативната рефлексија на COVID 19 пандемијата врз меѓународната безбедност.

Со цел илустративен приказ на сериозните последици од COVID-19 по животот на луѓето во светот ќе наведеме дека во неколку годишната војна во Авганистан животот го загубија 3597 сојузнички војници, бројка која е далеку помала во однос на починатите од COVID во првата половина од 2020 година (https://www.statista.com/statistics/262894/western-coalition-soldiers-killed-in-afghanistan/, 23/09/2020).

## 6. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Пандемијата предизвикана од вирусот COVID 19 влијае и ја загрозува меѓународната безбедност. Влијанието на пандемијата врз меѓународната безбедност може да се анализира од два аспекти. Прво пандемијата директно ги загрозува животите на луѓето и второ пандемијата го ослабнува безбедносниот сектор на начин што тој неможе доследно да ја извршува примарната функција од причина што се става во функција на спроведување на мерките кои ги донесува здравствениот сектор.

Превенцијата и првиот одговор во услови на пандемија треба да се третираат како суштински принцип на националната и глобалната безбедност - не само како прашање на здравјето.

Непознавањето на вирусот COVID 19 од страна на меѓународните здравствени капацитети го отежнува справувањето со неговото ширење и го загрозува меѓународното здравје и безбедност.

Меѓународниот здравствен систем не е во можност да се справи со предизвикот наречен COVID-19 а следствено на тоа и националните здравствени системи во рамките на државите.

Политизацијата на системите за безбедност во светот, негативно влијае во процесите за справување пандемијат апредизвикана од вирусот COVID 19.

Пандемијата предизвикана од вирусот COVID 19 има домино ефект и негативно влијае врз светската економија и безбедност.

## РАБОТНА БИБЛИОГРАФИЈА

Ванковска, Б. (2011). Меѓународна безбедност, Филозофски Факултет. Скопје.

Котовчевски, М. (2016). Национална безбедбост. Филозофски Факултет. Скопје.

Handbook on CSDP. The common security and defence policy of the European Union. (2017). Volume I. 3rd edition. Jochen Rehrl.

Handbook on Cybersecurity. The Common Security and Defence Policy of the European Union. (2018). Volume V. 1st edition. Jochen Rehrl.

Rogg, M. (2020). COVID-19. Die Pandemie und Ihre Auswirkungen auf die Sicherheitspolitik. GIDSstatement.1/2020.Hamburg

United Nations. (2020). Global Humanitarian response plan COVID-19.United Nations coordinated Appeal. April-December 2020. OCHA. Geneva..

Wiggen, J. (2020). Die Auswirkungen von COVID 19 auf Cyber Kriminaliät und Staatliche Cyberaktivitäten. nr.391/06. Konrad Adenauer Stiftung. Berlin.

https://hbr.org/2020/03/lessons-from-italys-response-to-coronavirus,

https://europa.eu/european-union/coronavirus-response_en,

https://www.ecdc.europa.eu/en/publications-data/risk-assessment-outbreak-acute-respiratory-syndrome-associated-novel-coronavirus,
https://www.usa.gov/coronavirus,
https://ec.europa.eu/info/live-work-travel-eu/health/coronavirus-response/timeline-eu-action_en,
https://gids-hamburg.de/wp-contentuploads2020/04GIDSstatement2020_1_Rogg_COVID19.pdf,
https://www.kas.de/documents/252038/7995358/Die+Auswirkungen+von+COVID-19+auf+Cyberkriminalit%C3%A4t+und+staatliche+Cyberaktivit%C3%A4ten.pdf/8ecf7084-704b-6810-4374-5840a6954b9f?version=1.0&t=1591354253482,
https://www.folkhalsomyndigheten.se/the-public-health-agency-of-sweden/communicable-disease-control/protect-yourself-and-others-from-spread-of-infection/,
https://www.ozy.com/news-and-politics/covid-19-impacts-national-security-in-novel-ways/290075/,
https://www.unocha.org/sites/unocha/files/Global-Humanitarian-Response-Plan-COVID-19.pdf,
https://economictimes.indiatimes.com/news/international/world-news/who-chief-decries-vast-global-gap-in-funds-needed-to-fight-coronavirus-pandemic/articleshow/77464085.cms,
https://www.nap.edu/catalog/21891/the-neglected-dimension-of-global-security-a-framework-to-counter,
https://www.thelancet.com/journals/lancet/article/PIIS0140-6736(15)60644-4/fulltext,
https://www.nap.edu/catalog/21891/the-neglected-dimension-of-global-security-a-framework-to-counter,
https://www.aspistrategist.org.au/lies-opportunity-and-the-coronavirus-beijing-engages-in-damage-control/,